**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 2 март 2023 година до 8 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со

кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа Извештајот на Општина Ресен за реализација на одобрените средства, како материјал за информирање.

**4.** Владата ги задолжи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Министерството за правда, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, веднаш до Министерството за информатичко општество и администрација, да номинираат член во работната група која ќе го подготви Предлогот на закон за основање на Агенција за дигитализација, а Министерството за информатичко општество и администрација истиот да го достави до Владата.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 2 март 2023 година до 8 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата, по повод настанот-Слегување на Благодатниот оган во Ерусалим и преземањето на Благодатниот оган, заклучи:

1) Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи и Македонската православна црква-Охридска архиепископија, да ги преземе сите дипломатско-организациски активности за реализација на настанот, односно најавување на делегацијата, пречекот во Ерусалим и слично.

2) Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди финансиските средства потребни за реализација на овој настан.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди директен авионски превоз за владино-црковната делегација.

4) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги координира наведените активности.

**7.** Владата по Табеларниот преглед на неотпочнати седници на Собранието на Република Северна Македонија и Табеларниот преглед на предлози на закони-прво и второ читање ги задолжи сите министерства, веднаш, да се произнесат и да го известат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија дали и за кои материјали остануваат на веќе доставените предлози на закони, како и да доставаат нови предлози за претставници и повереници по истите.

**8.** Владата, по повод одржувањето на преговорите помеѓу Република Србија и Република Косово, на 18 март 2023 година во Охрид ги задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и

заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги покријат трошоците за организација.

**9.** Владата на предлог на д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација заклучи да се задолжат институциите наведени во прилогот задолжително да ги објават услугите на порталот e-uslugi, особено Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Министерството за правда, Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 2 март 2023 година до 8 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** Владата на предлог на д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација заклучи да се задолжат институциите наведени во прилогот да го зголемат интензитетот на размена на податоци според Законот за електронско управување и електронски услуги.

**12.** Владата на предлог на д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација заклучи да се задолжат институциите од листата во прилог да се приклучат на платформата за интероперабилност .

**13.** Владата на предлог на д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација ги задолжи Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство-Управа за електронско здравство и Министерството за правда-Управа за водење на матични книги, веднаш да се приклучат на системот Централен регистар на население, како и да користат податоци од истиот во нивните работни позиции.

Истовремено, да се има предвид Извадокот од Нацрт записникот од Триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 април 2020 година, точка 24-Информација за поврзување на базите на податоци на клучните институции со Централниот регистар на население.

**<u>Точка 101</u>**

Владата ги разгледа Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2023 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар, согласно Буџетот за 2023 година, како материјали за информирање.

**Точка 102**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1 до 30.6.2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажуваГодишниот извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за 2022 година, кој Агенцијата за филм на Република Северна Македонија ќе го достави до Владата (согласно член 10 алинеја 14 од Законот за филмската дејност) да содржи податоци за пренесените финансиски обврски за реализација на филмските проекти кои се избрани на претходните конкурси на Агенцијата.

**Точка 103**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-П.О. Скопје за периодот октомври-декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 104**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за период од 1.7.2022 до 31.12.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 10, Информатичко општество и медиуми од Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст на 21 и 22 март 2023 година во Брисел, Белгија, со Предлог-листа на учесници за билатералниот скрининг и прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група Поглавје 10, Информатичко општество и медиуми настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 16-Оданочување од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилози, ја усвои Информацијата и ја задолжи Работната група за Поглавје 16-Оданочување при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

## Точка 108

Владата ја разгледа Информацијата за „Заедничка декларација за Вториот самит за демократија во организација на Соединетите Американски Држави, Костарика, Холандија, Република Кореја и Република Замбија“, со усогласен текст на Декларација и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Декларацијата за Вториот самит за демократија во организација на Соединетите Американски Држави, Костарика, Република Кореја и Република Замбија.

2. Се овластува м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, пред одржување на Вториот самит за демократија 29-30 март 2023 година, да го извести организаторот на Самитот за демократија дека Владата на Република Северна Македоија дава поддршка за текстот на Декларацијата за Вториот самит за демократија во организација на Соединетите Американски Држави, Костарика, Република Кореја и Република Замбија.

## Точка 109

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање „Отворен Балкан-проект за електронска наплата на патарина-воспоставување на интероперабилен електронски систем за наплата на патарина“, со усогласен текст на Меморандум и согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство, условно ја усвои, поради потребата Република Албанија да ја изрази својата подготвеност да се вклучи во спроведувањето на „Отворен Балкан-проект за електронска наплата на патарина-воспоставување на интероперабилен електронски систем за наплата на патарина“, со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање „Отворен Балкан-проект за електронска наплата на патарина-воспоставување на интероперабилен електронски систем за наплата на патарина“.

2.Се овластува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да го потпише Меморандумот за разбирање „Отворен Балкан-проект за електронска наплата на патарина-воспоставување на интероперабилен електронски систем за наплата на патарина“.

## Точка 110

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Антовски и други против Северна Македонија А.бр.20630/20 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Антовски и други против Северна Македонија А.бр.20630/20.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантите Деспот Антовски, Анкица Антовска, Душко

Антовски, Данијела Таневска, Лина Таневска и Небојша Таневски ќе им исплати вкупен износ од 6.100 евра во денарска противвредност за апликацијата А.бр.20630/20 односно износ од 3.050 евра за апликантите Деспот Антовски, Анкица Антовска и Душко Антовски и 3.050 евра за апликантите Данијела Таневска, Лина Таневска и Небојша Таневски.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантите Деспот Антовски, Анкица Антовска, Душко Антовски, Данијела Таневска, Лина Таневска и Небојша Таневски да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот оформен пред Европскиот суд за човекови права по апликацијата А.бр.20630/20, да изрази еднострани декларации, да ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот да им понуди на апликантите поединечно износ кој е за 10% понизок од износот кој е предложен од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот Антовски и други против Северна Македонија А.бр.20630/20.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (за изградба на објекти од јавен интерес) и условно ја донесе Одлуката, со заклучок Министерството за економија да достави мислење по истата.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за управување со водите за 2023 година и ја донесе Програмата со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата за обврски кои произлегуваат од потпишаните меморандуми и договори во рамки на иницијативата Отворен Балкан и ја усвои со следниве заклучоци:

Слободен пристап до пазарот на труд во Западен Балкан

1. Се назначуваат за членови на работната група за соработка со Република Албанија и Република Србија за дефинирање на финалниот текст на протоколите предвидени во Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан и Договорот за интерконекција на шемите за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан и овозможување слободен пристап до пазарот на труд :
- Дејан Ивковски и Душица Карамитре-Министерство за труд и социјална политика;
- Фросина Велковска и Силвана Трајковска-Агенција за вработување на Република Северна Македонија;
- Снежана Трајановска-Министерство за внатрешни работи;
- Синиша Иванковиќ-Министерство за надворешни работи;
- Надица Јосифовски-Министерство за информатичко општество и администрација.

2. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, во координација со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи да дефинираат предлог-текст за протоколите

неопходни за да се овозможи услугата за слободен пристап до пазарот на труд, до 20.3.2023.

3. Се задолжуваат националните координатори за регионална соработка и европски интеграции и за Отворен Балкан и регионални иницијативи да го координираат процесот за утврдување финален текст на протоколите неопходни за да се овозможи услугата за слободен пристап до пазарот на труд, предвидени во Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан и Договорот за интерконекција на шемите за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан со членовите на работната група.

4. Се назначуваат Ана Сариевска и Билјана Лазаревска од Агенција за вработување на Република Северна Македонија за лица кои ќе бидат задолжени за дадат поддршка и да одговараат на прашања од граѓаните поставени во рамки на контакт центарот на Националниот портал за електронски услуги, во рамки на услугата Отворен Балкан идентификациски број, предвидена со Договорот за интерконекција на шемите за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан и неопходна за овозможување слободен пристап до пазарот на труд, според Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.

5. Се назначуваат Ештреф Јакупи и Гоце Страшески од Министерството за вантрешни работи за лица кои ќе бидат задолжени да даваат поддршка и да одговараат на прашањата од граѓаните поставени во рамки на контакт-центарот на Националниот портал за електронски услуги. Издавањето единствен матичен број за странец е неопходно за граѓаните да добијат слободен пристап до пазарот на труд, предвидено во Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.

6. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, најдоцна до 16.3.2023 да ја упишат Услугата за слободен пристап до пазарот на трудот за граѓаните на Отворен Балкан преку Националниот портал за електронски услуги и да ги информираат националните координатори за регионална соработка и европски интеграции и Отворен Балкан и регионални иницјативи дека е постапено по заклучокот.

7. Се задолжуваат Националниот координатор за регионална соработка и европски интеграции и Националниот координатор за Отворен Балкан и регионални иницијативи, во соработка со Секретеријатот за европски прашања да го продолжат процесот на комуникација, соработка и заедничко планирање со претставниците на Владата на Република Србија и Владата на Република Албанија, согласно усвоените владини заклучоци и да ги интензивираат работните средби со цел дефинирање на протоколите кои ќе овозоможат слободен пристап до пазарот на труд.

8. Се задолжува Секторот за односи со јавност, во соработка со Националниот координатор за регионална соработка и европски интеграции, Националниот координатор за Отворен Балкан и регионални иницијативи и во соработка со Секретеријатот за европски прашања, да обезбеди документ со пораки за јавни комуникации, во кој ќе бидат презентирани сите можности и придобивки кои граѓаните ќе ги добијат со укинувањето на работните дозволи во Отворен Балкан, кои се чекорите што граѓаните треба да ги преземат за да ја користат мерката, дополнително да изработи ЧПП документ (одговори на често поставувани прашања) и да изработи комуникациски план за јавно информирање на граѓаните преку засегнатите институции, кои ќе ја овозможат услугата на граѓаните, најдоцна до 23.3.2023 година.

One Stop Shop со Република Србија

9. Се определуваат согласно член 16 од Договорот за One stop shop со Србија за преставници на мешовитата комисија
- Митко Димитровски и Хулуси Јашари-Царинска управа;
- Нахим Рамука-Министерство за внатрешни работи;
- Ванчо Новоселски-Инспекциски служби.

Како дополнителни членови за поефикасна интерна координација се определуваат:
- Јетон Зука-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Билјана Талеска, Валентина Стојаноска и Илир Цами-Државниот инспекторат за земјоделство;
-Ванчо Новоселски, Милан Тошевски и Огнен Кавај-Агенција за храна и ветеринарство;
- Надица Џерковска-Фитосанитарна управа.

One Stop Shop со Република Албанија

10. Се определуваат согласно член 15 од Договорот за One stop shop со Албанија за претставници во мешовитата комисија
- Митко Димитровски и Игор Јолески-заменик член-Царинска управа;
- Нахим Рамука-Министерство за внатрешни работи, гранична полиција;
- Ванчо Новоселски-Агенција за храна и ветеринарство.

Како дополнителни членови за поефикасна интерна координација се определуваат:
- Јетон Зука-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
-Билјана Талеска, Валентина Стојаноска и Илир Цами-Државен инспекторат за земјоделство;
- Ванчо Новоселски, Милан Тошевски и Огнен Кавај-Агенција за храна и ветеринарство;
- Надица Џерковска-Фитосанитарна управа.

11. Се задолжуваат членовите на мешовитата комисија за One stop shop со Албанија и претставниците за One stop shop со Србија, редовно да ги информираат националните координатори и Секретеријатот за европски прашања за постигнатиот напредок.

Договорот за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан за членови на заедничката работна група со Албанија и Србија.

12. Се определуваат согласно член 4 од Договорот за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан за членови на заедничката работна група со Албанија и Србија
- Јетон Зука-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
-Ванчо Новоселски, Блажо Јаневски и Сашко Арсов-Агенција за храна и ветеринарство;
- Билјана Талеска-Државен инспекторат за земјоделство;
- Надица Џерковска-Фитосантирна управа.

13. Се задолжуваат членовите на работната група за Договорот за соработка во областа на механизмите за обезбеденост со храна во Западен Балкан редовно да ги информираат националните координатори и Секретеријатот за европски прашања за постигнатиот напредок.

**Точка 114**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за слобода на движење со лични карти во Западен Балкан и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за надворешни работи да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за ратификација на Договорот за слобода на движење со лични карти во Западен Балкан, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи, Џенк Сејфула, директор во Министерството
за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање број 11-4178/1 од 7.3.2023 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост поради неможност за отплата на доспеаните обврски, со прилози, ја усвои Информацијата и заклучи:

- Се задолжува Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на доспеаниот долг на АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост кон Министерството за финансии, врз основа на член 3 и член 5 од Законот за задолжување на Република Македонија, кај Дојче банка и Ерсте банка по Договорот за заем, за финансирање на проектот „Гасификација на Република Македонија-фаза 1-делница Штип-Неготино-Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар" („Службен весник на Република Македонија" бр.193/15), како и врз основа на Договорот за заем склучен помеѓу Министерство за финансии и Дојче банка АГ, филијала во Лондон и Ерсте банка АГ, заверен во Министерството за финансии под бр.15-10888/1 од 10.12.2015 година и неговите Амандмани заверени во Министерството за финансии под архивски бр.15-8611/1 од 10.6.2016 година и архивски бр.15-12402/2 од 2.9.2016 година, Договорот за подзаем бр.15-18926/1 од 11.12.2015 година, склучен помеѓу Министерството за финансии (како заемодавач), Министерство за транспорт и врски (како координатор на проект) и АД Македонски енергетски ресурси Скопје (како заемопримач-инвеститор) и Анекс бр.1 кон Договорот за подзаем бр.15-17127/1 од 24.11.2016 година, со рок на враќање од 10 години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со вклучен грејс период од 2 години (24 месеци), со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.4.2025 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација, со состојба на долг на 7.3.2023 година.

**Точка 116**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници м-р Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука, Џенк Сејфула, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 117**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за признавање на професионалните квалификации на докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите во контекст на Централно-европскиот Договор за слободна трговија, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници м-р Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука, Џенк Сејфула, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 118**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Годишен план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2023 година, со Предлоггодишен план и условно го донесе Годишниот план, со заклучок текстот на истиот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на динамиката на реализација на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Реконструкција на филтер станица за вода за пиење во Берово“, Општина Берово и ја усвои со следните заклучоци:

1.Даде согласност врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, за измена на динамиката на реализација на повеќегодишната јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Реконструкција на филтер станица за вода за пиење во Берово“, Општина Берово, во вкупна вредност од 75.952.359,00 денари, со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 17.120.000,00 за 2023 година;
- 30.467.390,00 за 2024 година и
- 28.364.969,00 за 2025 година.

2.Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја продолжи постапката за повеќегодишна јавна набавка.

3.Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги имапредвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 120**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавната здравствена установа Здравствен дом-Струмица (ПМВ „фолксваген туран“).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавната здравствена установа Општа болница-Куманово (ПМВ „фолксваген туран“).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Чашка (ПМВ „рено кенгу“).

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (ПМВ „сеат алтеа“).

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (ПМВ „БМВ X5“).

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „БМВ 320“).

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (ПМВ „пежо 308“).

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „фолксваген голф“).

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност- Дебар (ПМВ „ауди А3“).

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „фолксваген голф“).

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Дебар (ПМВ „фолксваген голф“).

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „ауди Q7“).

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „сузуки витара“).

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „ауди А4“).

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија (ПМВ „БМВ Х5“).

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Универзитет Св.„Кирил и Методиј“ Градежен факултет - Скопје (ПМВ „фолксваген пасат“).

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП за стопанисување со државните шуми Национални шуми п.о Скопје (ПМВ „опел фронтера“).

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП за стопанисување со државните шуми Национални шуми п.о Скопје (ПМВ „дајхатсу фероза“).

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП за стопанисување со државните шуми Национални шуми п.о Скопје (ПМВ „мазда“).

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП за стопанисување со државните шуми Национални шуми п.о Скопје (ПМВ „фолксваген туарег“).

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавна установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, Република Северна Македонија (ПМВ „фолксваген туарег“).

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Богданци (ПМВ „ауди А6“).

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Новаци (ПМВ „гранд чироки“).

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавната здравствена установа Психијатриска болница-Демир Хисар (ПМВ „рено кенгу“).

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавната здравствена установа Психијатриска болница-Демир Хисар (ПМВ „цитроен“).

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за одбрана (ПМВ „јагуар“).

27. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет во управна постапка на ЈНУ Хидробиолошки завод-Охрид (ПМВ „нисан патрол“).

28. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Кавадарци (ПМВ „опел мерива“).

29. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „мерцедес МЛ“).

30. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „БМВ“).

31. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Основно јавно обвинителство-Скопје (ПМВ „нисан мурано“).

32. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за транспорт и врски-Државен инспекторат за транспорт (ПМВ „фолксваген голф“).

33. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес (ПМВ „фолксваген голф“).

34. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Неготино (ПМВ „киа рио“).

35. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Струмица (ПМВ „фолксваген туран“).

36. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Босилово (ПМВ „фолксваген БМВ“).

37. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за транспорт и врски (ТМВ „фолксваген голф“).

38. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Фонд за иновации и технолошки развој (ТМВ „јагуар“).

**<u>Точка 121</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Шеснаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, Скопје, 17 март 2023 година, со Платформа за настап на делегацијата на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат претставниците на делегацијата на Владата на Република Северна Македонија на Шеснаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, да ги презентираат ставовите содржани во Платформата.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи најдоцна до 30 април 2023 година да ја информира Владата за резултатите од состанокот.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во духот на воспоставената пракса на претходна размена на позициите за настап меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, најдоцна до 15 март 2023 година, да ги достави до Европската Унија ставовите на Република Северна Македонија согласно Платформата за настап на делегацијата на Република Северна Македонија на Шеснаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација.

**Точка 122**

Владата го разгледа Изменувањето на информација за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за адаптација на дел од објект на Дом за доенчиња и мали деца во детска градинка во Општина Битола и го усвои со следниве заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено повитивно мислење од Министерство за финансии, дава одобрение на Министерство за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за групна јавна набавка за изведување на градежни работи за адаптација на дел од објект на Дом за доенчиња и мали деца во детска градинка во Општина Битола со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години и тоа:

- 2023 година -9.273.344,81 денари со ДДВ на сметка 637 , програма 3А, расходна ставка 481

- 2024 година-1.000.000,00 денари со ДДВ на сметка 637 , програма 3А, расходна ставка 481

2. Се задолжува Министерство за труд и социјална политика, по добиено одобрение од Влада на Република Северна Македонија да спроведе постапка за повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за адаптација на дел од објект на Дом за доенчиња и мали деца во детска градинка во Општина Битола со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 123**

Владата ја разгледа Измената на Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде одобрение на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години и тоа:
- 2023 година-12.000.000,00 денари со ДДВ на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481 и

- 2024 година -38.589.096,92 денари со ДДВ на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, по добиено одобрение од Владата да спроведе постапка за повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за изведување на градежните работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:20 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**